РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**
Кеј Димитар Влахов 4, II спрат
Центар, Скопје
Тел. 02/3220509

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
**AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË**
Dimitar Vlahov 4, kati II
Qendër, Shkup
Tel. 02/3220509

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08-1307/4
18.10. 20 23 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 145 став (6) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.178/21), директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за почеток со работа студиската програма од втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), по „Компјутерска безбедност и дигитална форензика“, на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), по „Компјутерска безбедност и дигитална форензика“, на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

По добивање на Решение за акредитација бр.08-112/6 од 04.10.2023 година од страна на Одборот за акредитација на високото образование, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип се обрати со барање бр. 0809-951/1 од 10.10.2023 година, до Агенцијата за квалитет во високото образование, под наш бр. 08-1307/1од 10.10.2023 година, за утврдување на условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), по „Компјутерска безбедност и дигитална форензика“, на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Mbi bazë të nenit 145 paragrafi (6) dhe neni 227 të Ligjit për arsim të lartë ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr.82/18 dhe "Gazetës zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut"nr. 178/21), drejtori i Agjencisë për Cilësi në Arsimin e Lartë, sjell

**A K T V E N D I M**
**për fillimin me punë të programit studimor të ciklit të dytë të studimeve akademike - studime pasdiplomike (60 SETK), nga "Siguria kompjuterike dhe forenzika dixhitale", në Fakultetin e Informatikës, pranë Universitetit "Goce Delçev" në Shtip**

1. Me këtë Aktvendim përcaktohet se janë plotësuar kushtet për fillim me punë të programit studimor të ciklit të dytë të studimeve akademike - studime pasdiplomike (60 SETK), nga "Siguria kompjuterike dhe forenzika dixhitale", në Fakultetin e Informatikës, pranë Universitetit "Goce Delçev" në Shtip.

2. Ky Aktvendim hyn në fuqi në ditën e miratimit të tij.

**A r s y e t i m**

Pas marrjes së Aktvendimit për akreditim nr. 08-112/6 të datës 04.10.2023 nga ana e Bordit për Akreditim të Arsimit të Lartë, Universiteti "Goce Delçev" në Shtip i drejtohet, me kërkesë nr. 809 -951/1 të datës 10.10.2023, Agjencisë për Cilësi në Arsimin e Lartë, me numrin tonë 08-1307/1 të datës 10.10.2023, për përcaktimin e kushteve për fillimin me punë të programit studimor të ciklit të dytë të studimeve akademike - studime pasdiplomike (60 SETK), nga "Siguria kompjuterike dhe forenzika dixhitale", në Fakultetin e Informatikës, pranë Universitetit"Goce Delçev" në Shtip.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

Кеј Димитар Влахов 4, II спрат
Центар, Скопје
Тел. 02/3220509

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
**AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË**

Dimitar Vlahov 4, kati II
Qendër, Shkup
Tel. 02/3220509

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, со Решение бр.08-1307/2 од 12.10.2023 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата, на ден 13.10.2023 година, изврши увид и изготви Извештај бр. 08-1307/3 од 17.10.2023 година, каде е наведено дека за студиската програма од втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), по „Компјутерска безбедност и дигитална форензика“, на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

Доставено до:
- Високообразовната установа
- Архива

изработил/përgatiti: Милена Ефремовска
одобрил/miratoi: Sevgil Muriezi

Drejtori i Agjencisë për Cilësi në Arsimin e Lartë, me Aktvendim nr. 08-1307/2 të datës 12.10.2023,formoi Komision për përcaktimin e kushteve për fillimin me punë të programit studimor të shënuar në pikën 1 të këtij Aktvendimi.

Komisoni, më 13.10.2023, kreu inspekimin dhe përgatiti Raportin me nr. 08-1307/3 të datës 17.10.2023, ku është shënuar se, për programin studimor të ciklit të dytë të studimeve akademike - studime pasdiplomike (60 SETK), nga "Siguria kompjuterike dhe forenzika dixhitale", në Fakultetin e Informatikës, pranë Universitetit "Goce Delçev" në Shtip, janë përmbushur kushtet, në përputhje me dispozitat e përcaktuara me Ligjin për arsim të lartë dhe Rregulloren për normativin dhe standardet për themelimin e institucioneve të arsimit të lartë si dhe për realizimin e veprimtarisë së arsimit të lartë ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 103/10, 168/10 dhe 10/11).

Duke marrë parasysh atë që u theksua, u vendos si në dispozitivin e këtij Aktvendimi.

**KËSHILLË JURIDIKE**: Kundër këtij Aktvendimi, mund të inicohet kontest administrativ, me parashtrimin e ankesës deri te Gjykata Administrative e Republikës së Maqedonisë së Veriut, në afat prej 30 ditëve nga dita e pranimit të këtij Aktvendimi.

Dorëzuar deri te:
- Institucioni i arsimit të lartë
- Arkivi

**ДИРЕКТОР/ DREJTOR**
**Dr. Agim Rushiti**